РЕПУБЛИКА Е MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 10.06.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 2676/1 | | |


**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21 и 154/23) се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево;
3. **Период опфатен со надзорот:** 28 мај 2024 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 10 јуни 2024 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*Информации достапни за корисниците*);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 24.11.2023 година, за непочитување на членот 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-366) на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението (20.12.2023 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот административен надзор врз програмскиот сервис на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, емитуван на локално ниво, на 28 мај 2024 година, **констатирано е дека радиодифузерот не постапил по решението за изрекување мерка – јавна опомена, односно - <u>не ја отстранил извршената повреда на членот 51 став 1 од ЗААВМУ.</u>**

Радиодифузерот не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците, односно не им овозможи лесен, директен и постојан пристап најмалку до следниве податоци: - полното име на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга; - адресата на седиштето на давателот на

аудиовизуелната медиумска услуга; - податоци за контакт (телефонски број, адреса на електронската пошта и/или на веб-страницата; - одговорно лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт) и за надлежното регулаторно тело.

***Белешка**: Повеќемесечното одложување на контролниот надзор пред сѐ се должи на технички причини: ДТС Кабелкал ДООЕЛ од Кичево, операторот на јавната комуникациска мрежа преку која ТВ Гурра ја емитува програмата, не го доставуваше сигналот на телевизијата до системот за снимање на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ), а од средината на февруари до средината на мај 2024 година, мониторингот на АВМУ беше целосно ангажиран на медиумското известување за Претседателските и за Парламентарните избори.*

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 51 став 1 од ЗААВМУ**, програмскиот сервис на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, емитуван на 28 мај 2024 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

**9. Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка јавна опомена донесено на 24.11.2023 година, Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево не ја отстрани повредата, односно продолжи со вршење на истата повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Оттаму:

- Во согласност со членот 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година, Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, и во согласност со точката 6 од Упатството, да му наложи во рок од 20 дена (дваесет) од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***